**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените**

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

**јануари – декември 2017**

Скопје, 2017 година

**СОДРЖИНА:**


| | |
|---|---|
| **ЗАЕДНИЧКИ ПАТИШТА ДО ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ** | **3** |
| Мониторинг и застапување во областа на здравствената и социјалната заштита | **4** |
| Мониторинг и анализа на буџетите за здравствена и социјална заштита од родова перспектива | **4** |
| Подобрување на транспарентноста и отчетноста на Владата и јавните институции | **5** |
| Интегрирање на социјалната отчетност и правно описменување и оспособување | **6** |
| Јакнење на капацитетите на граѓанските организации во однос на примената на концептите за социјалната отчетност и правно описменување и оспособување | **9** |
| Социјални медиуми и останати медиумски активности | **9** |

| | |
|---|---|
| **ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И НА МАЖИТЕ** | **11** |
| Обезбедување на здравствени информации и помош на ранливите категории жени | **12** |
| Социјална отчетност за родова еднаквост | **12** |

| | |
|---|---|
| **ОЦЕНА НА СТЕПЕНОТ НА ПРАВНА И СУДСКА ЗАШТИТА** | **15** |
| Правна заштита на жените жртви на насилство и дискриминација | **16** |
| Стандардизирање и одржливост на обезбедувањето различни видови на бесплатна правна помош | **16** |

| | |
|---|---|
| **ОСТАНАТО** | **18** |
| Прирачник за примена на методологијата за мониторинг и анализа на буџети и застапување за јакнење на капацитетите на граѓанските организации што работат на намалување на штети од користење на droги и превенција од ХИВ | **19** |

## ЗАЕДНИЧКИ ПАТИШТА ДО ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТАТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

**Општа цел:** Подобрување на пристапот до услугите за здравствена заштита за жените и Ромите преку примена на методологиите за социјална отчетност и правно описменување и зајакнување.

**Конкретни цели:**

- анализирање на влијанието на макроекономската политика врз остварување на правото на здравје;
- анализирање на влијанието на јавните политики од областа на здравјето и социјалната заштита врз состојбата на жените, односно анализа на буџетите од родова перспектива;
- подобрување на транспарентноста и одговорноста на државните институции, со посебен акцент на институциите од здравствената и социјалната заштита;
- јакнење на капацитетите на граѓанските организации за применување на интегрираниот пристап на социјална отченост и правно описменување и оспособување, или пак на некоја од овие две методологии поединечно;
- зголемување на степенот на јавната свесност за важноста од транспарентно и отчетно финансиско работење;
- зголемување на степенот на запознаеност на јавноста со резултатите од работењето на ЕСЕ на полето на здравствена и социјална заштита.

## I. МОНИТОРИНГ И ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА И СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Во текот на 2017 година ЕСЕ ќе продолжи со своите досегашни активности за мониторинг и анализа на националниот буџет, буџетот за здравство, како и буџетите на четирите програми на Министерството за здравство (Програма за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програма за систематски прегледи на студенти и ученици, Програма за рана детекција на малигни заболувања со посебен фокус на компонентите за скрининг на карцином на грло на матка и карцином на дојка и Програма за лекување на ретки болести). Активности за мониторинг ќе бидат проследени со активности за застапување. Со таа цел во текот на 2017 година ќе бидат спроведени следните клучни активности:

**Мапирање и анализа на макроекономската политика.** Во 2017 година ЕСЕ ќе ги надгради досега преземаните активности во однос на утврдување на влијанието на макроекономската политика врз буџетот воопшто, а особено врз здравствениот буџет. За таа цел ќе бидат анализирани повеќе аспекти на макроекономска политика и ќе бидат утврдени параметри кои ќе бидат следени во натамошната работа на ЕСЕ. Податоците прибрани од овие анализи ќе овозможат детален увид во состојбите и можност за навремено и соодветно реагирање при подготовка и предлагањето на мерки од страна на ЕСЕ до надлежните институции.

**Подготовка на анализа за програмската и буџетската имплементација на четирите програми на Министерството за здравство за 2016 година, како и подготовка на документ за застапување базиран на анализата**. Анализата ќе биде подготвена врз основа на информациите и податоците прибрани во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и оние од јавно достапните документи. Во анализата ќе се содржат клучните наоди од постапката за мониторинг и анализа на програмската и буџетската имплементација на програмите за превентивна здравствена заштита и анализата на извршувањето на здравствениот буџет на РМ. Врз основа на наодите од анализата ќе биде подготвени препораки за унапредување на опфатот на целните групи со активностите предвидени во програмите, односно за: унапредување на опфатот на децата од ромските заедници со услуги за вакцинација и превентивни здравствени услуги, унапредување на опфатот на жените и жените од ромските заедници и услуги за рана детекција и лекување на болести на репродуктивни органи и унапредување на пристапот до лекови на лицата што имаат ретки болести. Наодите од анализата и препораките за унапредување на состојбите ќе бидат промовирани на јавен настан. Воедно во текот на 2017 година ЕСЕ ќе ја утврди потребата за мониторинг на дополнителна здравствена политика, базирано на наодите и потребите дефинирани преку спроведените активности од интегрираниот концепт во ромските заедници (опишан во точка IV).

## II. МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ОД РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА

Анализата на влијанието на јавните политики врз состојбата на жените, односно анализата на буџетите од родова перспектива и во 2017 година ќе го применуваме во однос на повеќе прашања што се предмет на интерес на ЕСЕ. Па така, во 2017 година ќе работиме на спроведување на повеќе анализи во однос на: неплатената работа за нега во домаќинствата кои се грижат за тешко болни лица преку спроведување на истражување на национално

ниво; спроведување на грантот ОРИО, кој има за цел унапредување на работата на патронажната служба, односно унапредување на здравјето на мајките и децата; и спроведувањето на Националната стратегијата за семејно насилство 2008 – 2011 година, како еден од облиците на насилство врз жените.

**Анализа за неплатената нега за тешко болни лица.** Во тек на изминатите две години ЕСЕ подготви и промовираше анализа со која го утврди времето што го посветуваат членовите на семејството за нега на тешко болните лица, како и финансиските трошоци поврзани со негата во ромските семејства. Во 2017 година ЕСЕ овој вид на анализа ќе го прошири на национално ниво со цел да се утврди реалната димензија на овој проблем, како и да се предложат мерки и активности со кои би се подобрила состојбата на домаќинствата кои обезбедуваат нега на тешко болни лица.

**Мониторинг и анализа на имплементацијата на ОРИО** (грант за инфраструктурен развој и унапредување на здравствената заштита на мајките и децата). Во периодот 2015/2016 ЕСЕ спроведе мониторинг и анализа на имплементацијата на активностите за унапредување на здравствената заштита на мајките и децата и инфраструктурен развој во РМ финансирани преку грантот ОРИО во 2014/2015 година. Во тек на овој процес ЕСЕ обезбеди дел од податоците по однос на имплементацијата на развојната фаза од овој грант. Во процесот на мониторинг и анализа, ЕСЕ се соочи со низа проблеми при спроведување на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер и прибирање на податоци поврзани со имплементацијата на грантот ОРИО како резултат на ниското ниво на проактивност и реактивност на јавните институции во РМ и Кралството Холандија (надлежните институции од Р. Македонија воопшто не обезбедија податоци, додека институциите од Холандија обезбедија делумни информации, при што дел од буџетските податоци беа сокриени). Во тек на 2017 година ЕСЕ ќе продолжи со започнатата анализа на добиените податоци по однос на спроведувањето на ОРИО грантот и врз основа на анализата ќе подготви заклучоци и препораки. Со цел промовирање на наодите од анализата ЕСЕ ќе организира јавен настан. Имајќи предвид дека Владата на Р. Македонија во акциониот план од процесот на Отворено владино партнерство (ОВП) се обврза јавно да ги објави сите податоци поврзани со овој грант, редовните активности на ЕСЕ по однос на ова прашање ќе се искористат и за оваа намена.

**Мониторинг на финансирањето на стратегијата за семејно насилство.** Во изминатите неколку години ЕСЕ подготви анализа за спроведување на програмата „Јакнење на националните капацитети за превенирање на семејно насилство“, финансиски поддржана од страна на Фондот на ОН и на заедничката програма на ОН „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство за периодот 2008 – 2011“, финансиски поддржана од Владата на Кралството Холандија. Имајќи предвид обемноста на анализата во 2017 година ЕСЕ со помош на странскиот експерт ќе подготви краток приказа на клучните наоди од двете анализи.

## III. ПОДОБРУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА ВЛАДАТА И ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Во насока на подобрување на нивото на транспарентноста и отчетноста на Владата и државните институции во 2017 година ЕСЕ ќе ги спроведе следните активности:

**Оценка на реактивната транспарентност на Владата и државните институции.** Со цел прибирање на потребните податоци за програмското и буџетското работење на Владата и јавните институции во текот на 2017 година ЕСЕ ќе поднесе 980 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до вкупно 85 иматели на информации од јавен карактер. Во текот на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер, ЕСЕ ќе ги користи сите расположливи механизми за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Сите податоци добиени преку оваа постапка ќе бидат јавно објавени на интернет страната на ЕСЕ. Врз основа на анализа на добиените податоци во 2017 година ќе спроведеме оценка на реактивната транспарентност на секоја институција, базирано на пет параметри кои се утврдени со Законот за пристап до информации од јавен карактер. Оценката за нивото на реактивна транспарентност ќе биде јавно објавена и ќе биде испратена до сите институции кои биле предмет на оценката.

**Оценка на проактивната транспарентност на Владата и државните институции.** Со цел унапредување на нивото на транспарентноста и отчетноста на Владата и јавните институции во обезбедување на информации за програмското и буџетското работење, во текот на 2017 година ќе спроведеме активности за оценка на проактивната транспарентност. При тоа предмет на оценка ќе бидат 25 јавни институции. Наодите од оценката ќе бидат јавно објавени и доставени до институциите кои биле предмет на оценката.

**Учество во процесот на Отворено владино партнерство на национално и меѓународно ниво.** Во текот на 2017 година ЕСЕ ќе продолжи да учествува во работата на работните групи за унапредување на пристапот до информации и ефикасното управување со јавните ресурси (фискална транспарентност) и ќе продолжи да го следи нивото на имплементација на активностите предвидени со двете компоненти од третиот по ред Акциски план за Отворено владино партнерство за 2016 – 2018 година.

**Оценување на нивото на трошоци во јавниот здравствен сектор преку спроведување на постапка за јавни набавки и мониторинг на постапките за јавни набавки и трошоците за спроведување на медиумски владини кампањи на полето на здравство.** Во периодот 2015-2016 ЕСЕ разви методологија за мониторинг на јавните набавки и мониторинг на трошоците за спроведување на медиумските кампањи. Според подготвената методологија ЕСЕ во 2016 година ги прибра потребните податоци за периодот 2011 - 2015 година. Во 2017 година ЕСЕ ќе ги анализира прибраните податоци и ќе подготви документ од анализата што ќе биде јавно промовиран и достапен.

## IV. ИНТЕГРИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ОТЧЕНОСТ И ПРАВНО ОПИСМЕНУВАЊЕ И ОСПОСОБУВАЊЕ

Здружението ЕСЕ од 2011 година ги имплементира концептите на социјална отчетност и правно описменување и зајакнување како две одделни интервенции. Од 2014 година ЕСЕ започна процес на спојување на овие концепти заради зајакнување на нивната работа и остварување на поголем број придобивки за ромското население. До 2016 година ЕСЕ ги спроведе сите потребни подготвителни активности за спојување на двата концепти и на крајот од годината започна со имплементацијата на интегрираниот пристап, при што влезната точка при спојувањето на концептите е на ниво на ромско домаќинство. Во 2017 година продолжуваме со спроведување на интегрираниот пристап. Интегрираниот пристап се спроведува во соработка со три партнерски ромски граѓански организации (КХАМ,

ЦДРИМ и РРЦ), кои работат во четири општини (Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница). Имено ЕСЕ има улога да го подготвува концептот за работа; да обезбедува експертска поддршка во работата; да ги јакне капацитетите на персоналот на партнерските организации преку обуки, консултации и директни посети; како и да врши мониторинг на нивната работата. Партнерските ромски организации се одговорни за имплементацијата на активностите кои се спроведуваат на локално ниво во ромските заедници. Со цел за унапредување на работата на пристапот, јакнењето и мобилизацијата на заедницата во 2017 година во работата на партнерските организации се ангажирани лица од самата ромска заедница во улога на аниматори. Во процес спроведен од страна на ЕСЕ и партнерските организации овие лица веќе беа селектирани во 2016 година и истите учествуваа на обуки и активности за јакнење на нивните капацитети за работа спроведени од страна на ЕСЕ. Во наредниот дел се опишани активностите кои во 2017 година ќе бидат спроведени како дел од интегрираниот пристап.

**Пополнување на прашалник и прибирање на останатите потребни податоци.** При влезот во домаќинството од страна на сите членови на домаќинството ќе биде пополнет прашалник со цел да се процени нивната здравствена состојба, пристапот до здравствените услуги, квалитетот на здравствените услуги и повредите на здравствените права и правата на пациентите, како и социјалните детерминанти кои влијаат врз здравјето. За таа цел персоналот на ЕСЕ во 2016 година го финализираше прашалникот, при што беше спроведено и пилотирање на истиот. Процесот на пилотирање и финализација на прашалникот беше спроведен во соработка со експертите од Универзитетот Џонс Хопкинс (Johns Hopkins) од Балтимор, САД. При влезот во ромските домаќинства, покрај пополнувањето на прашалникот, на членовите од домаќинството ќе им бидат понудени и информации во однос на работата на партнерските организации во зависност од составот на членовите на домаќинството и идентификуваните потреби. Квалитативните податоци ќе бидат прибрани преку дискусии во фокус групи, при што одделни фокус групи ќе бидат одржани во секој од локалитетите каде работат партнерските ромски организации. Податоците прибрани преку прашалникот и фокус групите ќе бидат искористени за подготовка на Картички за оценка од заедницата, при што посебни картички ќе бидат подготвени за секој локалитет одделно. Картички за оценка од заедницата пред да бидат финализирани ќе бидат споделени со претставници од ромската заедница со цел валидација на наодите.

**Континуирано обновување на процесот на мапирање на ромските заедници.** Заради поефективно спроведување на интегрираниот пристап, ЕСЕ и партнерските организации во 2016 година извршија мапирање на ромските заедници каде што се спроведува пристапот, со посебен акцент на најзагрозените ромски населби. Во текот на 2017 година на редовна основа ќе биде спроведуван процес на обновување на податоците во мапите на заедниците каде се спроведуваат активностите, а со цел организациите да имаат јасна слика за промените во заедниците во кои работат.

**Социјална ревизија.** Во 2017 година ЕСЕ и партнерските организации ќе продолжат да ја применуваат методологијата на социјална ревизија за утврдување на опфатот на ромските семејства со посети од страна на патронажните сестри, како и за утврдување на опфатот на жените Ромки со Програмата за скрининг на рак на грло на матката.

**Мониторинг и анализа на буџети на локално ниво.** Партнерските ромски организации со поддршка од ЕСЕ ќе спроведат процес на мониторинг и анализа на буџетите на

здравствените установи одговорни за спроведување на превентивните програми на локално ниво. Прибраните информации преку спроведената постапка за пристап до информации од јавен карактер ќе послужат за подготовка на локални стратегии за застапување.

**Обезбедување на параправна помош.** Согласно на ново воспоставениот интегриран модел, активностите во однос на обезбедување на параправна помош ќе претрпат одредени измени. Имено, овие измени се однесуваат на начинот на информирање на заедницата во однос на правата и обврските кои произлегуваат од здравствените права, како и во однос на идентификувањето на можните повреди. Во се останато што е поврзано со начинот на работа со лицата кои се обраќаат за помош, како и начинот на постапување во овие случаи нема никакви промени. Фацилитаторите, вклучувајќи ги и параправниците кои и досега ја обезбедуваа помошта, остануваат одговорни за обезбедувањето на овој вид на помош и поддршка. Се очекува дека со текот на времето и натамошното проширување на задачите и одговорностите на аниматорите тие полека ќе го преземаат обезбедувањето на помошта и поддршката на членовите на своите заедници. Со поделбата на фацилитаторите и аниматорите по локалитети и по број на домаќинства процесот на информирање и идентификување, како и постапување и следење на случаите на повреди на здравствените права ќе се реализира на поедноставен и далеку поефикасен начин. Во 2017 година во рамки на ново воспоставениот пристап, ЕСЕ ќе продолжи со обезбедување на потребната техничка помош и поддршка, како што се редовно информирање на фацилитаторите во однос на законската регулираност на здравствените права, начин на прибирање и водење на евиденцијата во случаите на обезбедување на параправна помош и поддршка, и надзор и менторство во обезбедувањето на помошта и поддршката обезбедена од страна на фацилитаторите/параправниците. Имајќи го предвид ново воспоставениот пристап и очекуваниот зголемен број на корисници на услуги, во 2017 година поголемиот дел од напорите на ЕСЕ ќе бидат насочени кон можните потреби од дополнителна помош и поддршка, како и прилагодување на досегашното постапување при обезбедување на параправната помош и поддршка.

**Подготовка и спроведување на стратегии за застапување.** Персоналот на ЕСЕ и партнерските ромски организации ќе подготват и спроведат заедничка стратегија за застапување на национално ниво. Воедно, секоја организација со поддршка од страна на ЕСЕ ќе подготви стратегија за застапување на локално ниво. Податоците добиени преку прашалникот пополнет при влезот во домаќинствата, податоците од фокус групите, податоците од социјалната ревизија, податоците од дата базата за параправната помош, податоците добиени од мониторинг и анализа на буџети на национално и локално ниво ќе бидат искористени како основа за подготовка на стратегиите за застапување на национално и локално ниво. Покрај ова и самата ромска заедница преку партиципативни методи ќе биде вклучена во селекцијата на приоритетните проблеми што ќе се адресираат со застапувањето. Главен фокус на застапувањето ќе биде унапредување на здравјето и пристапот до здравствената заштита, соодветно на утврдените потреби од самата ромска заедница со посебен осврт на жените, мајките и децата од ромската заедница.

## V. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Во 2016 година ЕСЕ спроведе процес на менторство за две граѓански организации од Р. Македонија (НРЦ, Куманово и Сонце, Тетово), а со цел јакнење на нивните капацитети за спроведување на методологиите на социјална отчетност и правно зајакнување и нивно користење во својата работа. Земајќи ја предвид досега спроведената соработка со овие две организации, во 2017 година ЕСЕ ќе продолжи со менторството на овие две организации во согласност со нивните потреби.

## VI. СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ И ОСТАНАТИ МЕДИУМСКИ АКТИВНОСТИ

Во 2016 година ЕСЕ започна со реализација на јавна кампања за подигнување на свесноста на населението за значењето на фискалната транспарентност и за потребата од зголемување на нивото на транспарентноста на Владата и јавните институции. Поради постигнатите успеси, во втората половина на 2016 година ЕСЕ го прошири обемот на кампањата со промоција на наодите и споделување на пораките за застапување на сите полиња од работата на ЕСЕ. Во 2017 година ЕСЕ ќе продолжи со спроведување на оваа кампања во проширен обем, како и во 2016 година.

**Очекувани резултати:**

- утврдено е влијанието на макроекономската политика врз остварувањето на правото на здравје во Р. Македонија;
- утврден опфатот на целните групи од населението со превентивните програми на Министерството за здравство преку подготовка анализа за програмската и буџетската имплементација на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите, Програмата за рана детекција на малигни заболувања и Програмата за лекување на ретки болести за 2016 година;
- утврдено е влијанието на јавните политики врз состојбата на жените преку анализа на буџетите од родова перспектива во однос на спроведување на одредени права од корпусот на економски, социјални и културни права;
- утврдено е нивото на реактивна транспарентност на 85 државни институции и нивото на проактивна транспарентност на 25 државни институции;
- зема учество во процесот на Отворено владино партнерство на национално и меѓународно ниво, преку учество во работните групи за подготовка на Акциониот план и преку следење на нивото на негова имплементација;
- утврдено е нивото на трошоци во јавниот здравствен сектор како и на трошоците за спроведување на медиумските владини кампањи за здравство преку анализа на спроведувањето на постапката за јавни набавки;
- унапреден пристапот до здравствените услуги и остварување на правото на здравје за ромското население во четири општини преку спроведување на интегриран пристап на социјална отчетност и правно описменување и зајакнување;
- утврдени состојбите и потребите на ромските домаќинства во однос на здравствената состојба, социјалните детерминанти што влијаат врз здравјето, пристапот до здравствените услуги и нивниот квалитетот и утврдување на приоритетните проблеми преку спроведен прашалник во домаќинствата;
- обезбедена потребната техничка помош и поддршка на ромските организации во обезбедување на параправна помош и поддршка на локалното Ромско население;

- зајакнати капацитетите на граѓански организации од Македонија за примена на методологиите на социјална отчетност и правно зајакнување со менторство од страна на ЕСЕ,
- спроведена кампања за подигнување на јавната свесност за важноста од транспарентно и отчетно работење во фискалниот сектор и потребата од унапредување на нивото на транспарентност и отчетност на државните институции;
- спроведена кампања за запознавање на јавноста со состојбите кои ЕСЕ ги идентификува во своите полиња на работа, како и со целите за застапување во соодветните полиња на делување на ЕСЕ.

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И НА МАЖИТЕ

**Општа цел:** Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на национално и локално ниво.

**Конкретни цели:**

- Обезбедување информации, помош и поддршка за ранливите категории на жени и
- Формирање на мрежа на граѓански организации за застапување на потребата за планирање и буџетитирање за потребите на жените на локално ниво.

## I. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗДРАВСТВЕНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОМОШ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЖЕНИ

**Здравствен информативен центар за жени.** Во 2004 беше отворен Здравствениот информативен центар за жени како дел од здружението ЕСЕ со цел да се обезбедат бесплатни, квалитетни и веродостојни информации и советување за жените во врска со гинеколошки здравствени проблеми, менопауза и остеопороза. Со текот на годините беше проширен опсегот на работа на Центарот и притоа се нуди бесплатно тестирање за глукоза, холестерол и триглицериди во крвта и мерење на крвниот притисок. Мотото на центарот е „Зајакнувањето започнува со информирањето". Врз основа на нашата визија дека сите жени треба да имаат право на слободен избор во врска со своето здравје, репродукција и сексуалност – свет во кој жените ќе го остварат својот потенцијал и ќе практикуваат здрави животни навики, активностите на Центарот ќе ги опфаќаат потребите на жените низ целиот животен циклус (од адолесценција до менопауза). Активностите се спроведуваат преку континуирана работа на Здравствениот информативен центар за жени (информации и советување на жените за гинеколошки здравствени проблеми, општи здравствени проблеми, проблеми поврзани со менопаузата и остеопорозата и анализа на крвта) и организација на јавни настани еднаш во годината за подигнување на јавната свест за конкретни потреби поврзани со здравјето на жените.

## II. СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Проектот Социјална отеченост за родова еднаквост е тригодишен проект кој ќе се спроведува во периодот од 2017 -2020 година со цел за воспоставување на национална мрежа на граѓански организации кои ќе ја промовираат примената на социјална отчетност. Како резултата на проектот најмалку шест граѓански организации ќе имаат усвоено практика за зајакнување и вклучување на жените во оценување на услугите и обврските кои државата ги презела во однос на нив и нивно менување согласно на нивните потреби. Оваа практика подразбира и застапување за алокација на адекватни финансиски средства за реализирање на потребите на жените. Поточно овој проект има зацртано повеќе специфични под цели од кои: мониторинг и проценка на ефикасноста и ефективноста на спроведувањето на активните мерки за вработување; ги зголемат капацитетите на локалните граѓански организации и заедници за применување на методологијата на социјална отченост за прашања од областа на родова еднаквост и зголемување на видливоста на прашањето на транспарентност и отчетност на процесот на подготовка и буџетирање на политиките за родова еднаквост.

Во текот на 2017 година ќе се спроведат следните активности:

**Подготвителни активности.** Во рамки на подготвителните активности ЕСЕ и ГО Акција Здруженска која е партнер на ЕСЕ во спроведување на планираните активности ќе ги спроведат сите потребни административно технички задачи потребни за спроведување на проектот. Исто така ќе подготват детален план на активности за првата проектна година и ќе ги приберат сите потребни материјали поврзани со спроведување на активните мерки за вработување.

**Прибирање на податоци и нивна анализа.** Сите податоци кои се однесуваат на програмско и финансиско спроведување на активните мерки за вработување кои се

предмет на мониторинг и анализа ќе бидат прибрани и анализирани. Доколку потребните податоци не се достапни јавно, тогаш ЕСЕ и Акција Здруженска ќе поднесат барања за информации од јавен карактер до надлежните институции.

**Обука за граѓанските организации.** Поширока група од 10 граѓански организации ќе бидат поканети да учествуваат на обука за јакнење на нивните капацитети во однос на применување на методологијата на социјална отчетност. Две, три дневни обуки се планирани со цел не само зајакнување на теоретските познавања на претставниците на граѓанските организации, туку и подготовка на план за применување на оваа методологија. Сите организации што ќе присуствуваат на обуките ќе бидат повикани да аплицираат со своите планови на повикот за доделување на грантови што ќе биде распишан во рамки на проектот.

**Повик за доделување на грантови.** Четири граѓански организации ќе бидат избрани на повикот распишан во рамки на овој проект од страна на за тоа посебно формирано тело за селекција. Со секој од под грантистите ќе биде потпишан договор и за сите ќе биде организирана обука која ќе има за цел да ги запознае со правилата на програмско и финансиско работење при спроведување на доделените грантови.

**Менторство на граѓанските организации.** Во спроведување на доделените грантови, односно во применување на методологијата на социјална отченост, ЕСЕ и Акција Здруженска во континуитет ќе ја обезбедуваат потребната помош и поддршка на четирите граѓански организации одбрани на повикот. Во рамките на оваа активност ќе се организираат и ќе се спроведуваат редовни средби на мрежата на граѓански организации- сите организации кои учествуваа на обуката за граѓански организации организирана во рамки на овој проект. Средбите ќе се одржуваат еднаш на два месеци.

**Спроведување на годишни кампањи.** Со цел промовирање на резултатите и наодите од работењето две едногодишни кампањи ќе се организираат во рамки на проектот. Поточно резултатите и наодите ќе бидат промовирани преку кампања на социјалните мрежи YouTube, Twitter и Linkedin. За потребите на спроведување на кампањите ЕСЕ и Акција Здруженска ќе подготват одделен план за оваа потреба.

**Очекувани резултати:**

- обезбедени се здравствени информации за 40 жени;
- сите потребни информации и податоци за спроведување на активните мерки за вработување прибрани;
- најмалку 30 претставници на ГО обучени за примена на методологијата на социјална отчетност;
- доделени грантови на четири граѓански организации за спроведување на социјална отчетност за спроведување на две активи мерки за вработување на локално ниво (во четири општини);
- обезбедена континуирана помош и поддршка на четирите граѓански организации- под грантисти;
- зголемен степен на јавната свесност за статусот на спроведување на активните мерки за вработување на локално ниво.

**ОЦЕНА НА СТЕПЕНОТ НА ПРАВНА И СУДСКА ЗАШТИТА**

**Општа цел:** Подобрување на пристапот до правда.

**Конкретни цели:**

- Подобрување на судската заштита на жените жртви на сите видови на насилство врз жените;
- Подобрување на законската регулираност на сите видови на насилство;
- Обезбедување на правна помош и застапување за жените жртви на насилство;
- Развивање на програма и материјали за обука за Параправна помош и поддршка и одржување на обука за параправници; и
- Подготвување на анализа на трошоците и придобивките од обезбедување на различните бесплатни видови на правна помош (вклучително и параправна) на заедницата.

## I. ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО И ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Проценка на степенот на судска заштита на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите.** Во рамките на оваа цел од проектот во текот на 2017 година ќе бидат преземени следните активности: набљудување на тековните судски предмети во десет основни судови; обработка на податоците од претходно спроведеното судско набљудување и подготовка на финална анализа; организирање на поширок форум со судиите за дискутирање на наодите, следено со подготовка на препораки за подобрување на судското постапување; подготовка на три водичи за судските постапки за жените жртви на сите видови на насилство.

**Подобрување на националната правна рамка за заштита на жените жртви на насилство.** На почетокот на 2017 година ќе се финализира Анализата на националната законска рамка и постапувањето на одговорните институциите во случаите на насилство врз жените. Анализата ќе резултира со подготовка и доставување на препораки до надлежните институции.

**Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните инструменти за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување.** Во рамките на овие активности во текот на 2017 година ќе се обезбеди потребната правна и психолошка помош и поддршка на жените жртви на насилство и дискриминација преку Центарот за правна помош на ЕСЕ. и ќе се работи на јакнење на улогата на граѓанските организации во обезбедување на ефективна правна заштита за жените жртви на насилство. За таа цел ќе бидат организирани работилници за подготовка на случаи за стратешко застапување и ќе биде обезбедена финансиска поддршка за застапување на случаите.

## II. СТАНДАРДИЗИРАЊЕ И ОДРЖЛИВОСТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

**Развивање на програма и материјали за обука за параправна помош и поддршка.** Во 2016 година во рамките на оваа активност беа подготвени пет нови тематски содржини на Прирачникот за едукација на параправниците и беше ревидирана содржината по однос на прашањата од областа на правото на здравје. Односно беа развиени содржини по однос на следните прашања: работни односи; кривичен законик и кривична постапка;семејство и семејно право; основи на судски систем и постапување на полицијата; семејно насилство; здравствена заштита, здравствено осигурување и правата на пациентите (оваа тематска содржини беше ревидирана). Во 2017 година врз основа на развиените содржини ќе се развие програма и материјали за обука и ќе се одржат две обуки за параправници ангажирани од различни организации.

**Подготовка на анализа на трошоците и придобивките од обезбедување на различните бесплатни видови на правна помош (вклучително и параправна).** Во 2016 година ЕСЕ со помош на странски експерт разви инструменти за прибирање на податоци за видот и обемот на помошта што ја нудат ГО и инструменти за прибирање на информации за платите и оперативните трошоци на организациите. Овие податоци, како и податоци за трошоците поврзани со трите најчести случаи со кои се среќаваат ГО исто така беа

прибрани. Сите податоци беа анализирани и врз основа на ова беше подготвен нацрт извештај. Во 2017 година остануваат да се приберат и анализираат следните податоци: останатите трошоци поврзани со обезбедувањето на различните видови на помош и поддршка; трошоците што корисниците на услуги ги имаат направено на своја сметка; утврдување на трошоците поврзани со адвокатите кои нудат бесплатна правна помош; истражување со цел валоризирање на можните придобивки од обезбедувањето на различните видови на правна помош.

**Очекувани резултати:**

- спроведено судско набљудување на тековни судски предмети/рочишта на случаи на насилство врз жените во десет основни суда;
- подготвена финална анализа од процесот на судско набљудување со препораки за подобрување на судското постапување;
- организиран е форум за судии;
- подготвени три водичи и зголемена информираност на жените жртви за судската заштита;
- подготвена анализа на законската рамка за заштита на жените жртви на насилство, со препораки за нејзино унапредување согласно на потребите секоја ранлива група;
- обезбедена бесплатна правна помош и совети на околу 270 жени жртви на насилство;
- обезбедена психосоцијална поддршка за 30 жени жртви на семејно насилство;
- подготвена програма и материјали за обука за параправници;
- спроведена обука за параправници;
- утврдени трошоците и придобивките од обезбедувањето на различните видови на бесплатна правна помош.

**ОСТАНАТО**

**Општа цел:** Јакнење на капацитетите на граѓанските организации кои работат на намалување на штети од користење на дроги и превенција од ХИВ од земјата и регионот на Југоисточна Европа за примена на методологијата за мониторинг и анализа на буџети и буџетско застапување

**Конкретни цели:**

- подготвување на Прирачник за примена на методологијата за мониторинг и анализа на буџети и застапување за јакнење на капацитетите на граѓанските организации кои работат на намалување на штети од користење на дроги и превенција од ХИВ.

## I. ПРИРАЧНИК ЗА ПРИМЕНА НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ И ЗАСТАПУВАЊЕ

Јакнењето на капацитетите на граѓанските организации, од земјата и регионот, за примена на методологијата за мониторинг и анализа на буџети, како и за буџетско застапување, продолжува да биде клучните стратешка определба на Здружението ЕСЕ. Па оттука, со цел промовирање на придобивките од примената на методологијата за мониторинг и анализа на буџети и буџетското застапување, како и создавање на поширока коалиција на организации од регионот кои ќе ја применуваат оваа методологија и ќе работат заедно. Прирачникот, на граѓанските организации кои работат на намалување на штети од користење на дроги и превенција од ХИВ од земјата и регионот на Југоисточна Европа, ќе им обезбеди клучни информации и алатки кои практично ќе им помогнат при спроведувањето на оваа методологија. Прирачникот, покрај тоа што ќе даде можност за теоретско запознавање со методологијата на буџетски мониторинг и анализа и буџетско застапување, на организациите ќе им понуди практични чекори во спроведувањето на методологијата и успешни примери од примерна на методологијата од регионот.

**Очекувани резултати:**

- Подготвен прирачник за примена на методологијата за мониторинг и анализа на буџети и застапување наменет за граѓанските организации кои работат на намалување на штети од користење на дроги и превенција на ХИВ.